ЗДРУЖЕНИЕ НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ASSOCIATION OF HISTORIANS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ИСТОРИЈА

## Journal of History

ГОД. LVII СКОПЈЕ 2022 БР. 2

# ИСТОРИЈА

ГОД. LVII | СКОПЈЕ 2022 | БР. 2

ИЗДАВАЧ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ул. Григор Прличев 3
1000 Скопје
РС Македонија

PUBLISHER

ASSOCIATION OF HISTORIANS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

3, Grigor Prličev st.
1000 Skopje
RN Macedonia



РЕДАКЦИЈА

Војислав Саракински
Маја Ангеловска–Панова
Никола Минов
Габриела Топузовска
Тони Филипоски
Лидија Ѓурковска
Клер К. Тејлор
Ендрју П. Роуч
Јури Стојанов
Денис Озден
Лила Мороз-Гжелак
Марио Катиќ
Марина Михаиловна Фролова
Стефан Рохдевалд
Думитру-Каталин Рогожану

EDITORIAL BOARD

Vojislav Sarakinski
Maja Angelovska–Panova
Nikola Minov
Gabriela Topuzovska
Toni Filiposki
Lidija Gjurkovska
Claire K. Taylor
Andrew P. Roach
Yuri Stoyanov
Denis Özden
Lila Moroz-Grzelak
Mario Katic
Marina Mihailovna Frolova
Stefan Rohdewald
Dumitru-Catalin Rogojanu



ЛЕКТУРА

МАР-САЖ Ташко ДООЕЛ Скопје

PROOFREADING

MAR-SAŽ Taško DOOEL Skopje



КОНТАКТ

sarakinski@gmail.com
lidija.dimitrijevska@gmail.com

CONTACT

sarakinski@gmail.com
lidija.dimitrijevska@gmail.com

# СОДРЖИНА

## СТАТИИ И СТУДИИ


5 Јане КЛЕКОВСКИ
Мистериозната декорација на ритуалниот римски бронзен стригил од Марвинци

21 Јасминка КУЗМАНОВСКА
Прокопиева тврђава Παρθίων (топономастички прилог)

37 Филип МАРКОВСКИ
Евсевиј Кесариски, Епифан Саламински и канон 36 од Елвирскиот синод: тријадата на „предиконоборското“ иконоборство, или?

69 Марија РАБАЏИСКА
Брегалнички комитат

83 Армен ЖАРНОСКИ
Два историографски наративи за богомилството на Балканот: дисперзија на теолошките учења кај Балканските богомилски заедници (X-XV век)

103 Владимир ТАНЕВСКИ
Претставите на св. Климент во пештерските цркви на крајбрежјето на Охридското езеро

123 Никола МИНОВ
Кафето и кафеаните во османлиска Македонија

169 Дамјан БУЖАРОВСКИ
Историјата и проверката на фактите – Мијаците во делото на Георги Трајчев

183 Анастасија ЛАЗАРОВСКА АМПОВА
Внатрешната Македонска Револуционерна Организација во надворешната политика на Италија (1920-1934)

209 Александар МАНОЈЛОВСКИ
Бенјамин Самоковлија (1918-1996)

235 Dragica POPOVSKA
The conceptual value set in Yugoslav literature (1945-1952)

247 Наташа ДИДЕНКО
Придонесот на Ѓорѓи Доневски во откривањето и развојот на фолклорното творештво од Егејскиот дел на Македонија (1970–1984)

269 Julija MITREVSKA
The Metamorphosis of Búri and Óðinn in the Marvel Comics

ИЗВОРИ И ДОКУМЕНТИ

289 Даниела ТОШЕВА
Интестатското наследување во Новелите на Јустинијан (118, 127)

303 Ванчо ЃОРЃИЕВ
Текстот „An Underground Republic: an Adventure in Macedonia“ во „Blackwood’s Magazine“

331 Неџад МЕХМЕДОВИЌ
Еден американски документ за тајна средба помеѓу претставниците на Ахмед Зогу и Јосип Броз – Тито во Скопје во 1952 година

МЕТОДИКА И ДИДАКТИКА

339 Игор ЈУРУКОВ
Илустративно демонстративните методи во наставата по историја

КРИТИКА И БИБЛИОГРАФИЈА

365 Jovica GROZDANOVSKI
Elizabeth Carney, Eurydice and the Birth of Macedonian Power

УДК: 94:[373.3/.5:37.091.3(497.7)

Игор Јуруков
Биро за развој на образованието
igorjurukov@bro.gov.mk

# ИЛУСТРАТИВНО ДЕМОНСТРАТИВНИТЕ МЕТОДИ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

*Апстракт.* – Во овој труд се прави обид да биде претставен развојот на илустративно демонстративните методи во наставата по историја, од нивната појава во наставата, заклучно со развојот на дигиталните содржини во наставата по историја. Притоа, ќе бидат објаснети методите кои сметаме дека највеќе се користат од теоретска и практична гледна точка.

Илустративно демонстративните методи во наставата по историја се употребуваат во текот на наставните часови по историја уште од појавата на историјата како посебен наставен предмет. Значењето на овие методи е дотолку поголемо ако имаме предвид дека тие се дел од речиси секој наставен час, а развојот во современото учење не може да се замисли без употребата на илустративно демонстративните методи.

*Клучни зборови.* – илустративно демонстративни методи, настава, историја, дигитални содржини.

## ВОВЕД

Илустративно демонстративните методи во наставата по историја се употребуваат во текот на наставните часови по историја од појавата на историјата како посебен наставен предмет, до денес. Тие имаат своја дефиниција, функција, поделба и соодветен начин на употреба. Значењето на овие методи е дотолку поголемо ако имаме предвид дека тие се дел од речиси секој наставен час, а развојот во современото учење не може да се замисли без употребата на илустративно демонстративните методи. Токму брзиот и динамичен развој на илустративно де-

монстративните методи, претставува енигма за учењето со употреба на овие методи во иднината. Нивната појава поврзана со иновациите и технологијата тешко е да се следат, бидејќи речиси секојдневно имаме новини. Затоа во овој труд илустративно демонстративните методи ќе бидат опфетени заклучно со дигиталните содржини.

И покрај нивната секојднавна употреба од страна на наставниците, во литературата немаме многу трудови кои се однесуваат на илустративно демонстративните методи и нивната употреба. Тоа е и една од причините за настанување на овој труд, кој ќе го опфати развојот и ќе се обиде да објасни што поголем број на илустративно демонстративни методи. Поточно, во овој труд се прави обид да биде претставен развојот на илустративно демонстративните методи во наставата по историја, од нивната појава во наставата, заклучно со развојот на дигиталните содржини во наставата по историја, а ќе бидат објаснети методите кои сметаме дека највеќе се користат од теоретска и практична гледна точка.

## ПОЈАВА И РАЗВОЈ НА ИЛУСТРАТИВНО ДЕМОНСТРАТИВНИ МЕТОДИ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Следејќи го минатото на луѓето можеме да утврдиме дека човекот е битие кое постојано свесно или несвесно учи, преку одреден начин или преку одредени методи, односно свесно или несвесно користи методи на учење. Еден од методите на учење кој е многу користен, како во секојдневниот живот, така и во наставата, е визуелизацијата или учење преку илустративно демонстративните методи. Во литературата денес овие методи се среќаваат под двете имиња, визуелни и илустративно демонстративни методи, при што и доколку се користи терминот визуелни методи подоцна во објаснувањето за нив тие се повторно поделени на илустративни и демонстративни. Оттука е и објаснувањето зошто во трудот методите се именувани како илустративно демонстративни.

Човекот, исто така, свесно или несвесно се труди да биде најсилен, најмоќен, доминантен во природата, во општеството, да поседува најмногу знаења кои ќе ги искористи за постигнување на одредена своја цел или цели. Од тие причини во врска секогаш ги доведуваме желбата на човекот да биде најдобар и знаењето, постигнувањето на знаењето или начинот како да биде најдобар. Со други зборови преку своето знаење човекот господари и со природата и со општеството, а знаењата кои ги поседува, ги восприема преку одредени методи на учење, во кои цен-

трално место заземаат илустративно демонстративните методи. Затоа постоењето на образованието и развојот на човекот го поврзуваме со пансофизмот, односно борбата да биде сестрано развиена личност која ќе биде доминантна најнапред во природата, а потоа и во општеството. Еден начин на стигнувањето до пансофизмот и сестраното образовната личност е користењето на илустративно демонстративните методи во учењето.

Почетоците на организираното образование, во денешна смисла, се поврзани со периодот на просветителството, до кога привилегијата да се биде образован им припаѓала на богатите. Со други зборови до периодот на просветителството не можело да се зборува за организирано образование, настава, предмети и методи на учење. Во периодот на просветителството се појавува и улогата на државата во образованието, односно државите пројавуваат интерес да имаат поквалитетно образование во кое ќе бидат опфатени сите луѓе.

Со појавата на организираното образование и наставата се појавуваат образовни периоди и изучувањето на предмети распоредени во повеќе образовни години. Ова е период кога се појавува предметот историја како засебен, а се појавуваат и различни методи за работа во наставата по историја. За создравањето на организираното образование, историјата како предмет, односно на учењето и поучувањето на историјата се смета дека е заслужен Јан Амос Коменски, кој во своето дело „Голема дидактика" ги опишува пансофиските идеи и сестрано развиената личност, како и начинот на постигнување на вештините и знаењата на таквата личност. Притоа, меѓу првите ги споменува методите на учење воопшто и ги применува илустративно демонстративните методи, како едни од методите на учење и поучување, при што насочува на работа на учениците со нив, за изведување на што посовремена настава. Поточно, Коменски ја потенцира моќта на визуелизацијата при помнењето и притоа го цитира Плаут: „Повеќе вреди еден сведок кој видел, од десет сведоци кои чуле."[1] Исто така, го цитира и Хорациј: „Душата поспоро ја возбудуваат зборовите кои влегле во неа преку ушите, отколку она што сигурните очи го виделе и што гледачот сам го прима во својата душа."[2]

Зборувајќи за големата корист од сликите во наставата Коменски смета дека доколку не можеме да му покажеме на ученикот во наста-

---

[1] Коменски 1997, 178.

[2] Ibid.

вата одредено нешто кое го учи, тогаш претставата за истото треба да се надокнади со модел или слика.

Педагогот Јохан Хајнрих Песталоци, како и Коменски, зборува за важноста на учењето низ процес на набљудување и формирање на слики и импресии, односно претстави, преку кои учениците треба да научат. Во времето на Ј. Х. Песталоци се појавиле модернизацијата на образованието, поорганизирани училишта и првите напишани учебници. Напишаните учебници имале двојна намена, покрај учениците, со нив можеле да се служат и учителите кои немале можност да посетат еден од институтите на Песталоци, а сакале да го изучат неговиот метод.[3] Иако методот на Песталоци и учебниците биле добра основа за појавата на илустративно демонстаративната метода, сепак според достапните извори се смета дека неа посериозно ќе ја воведе филозофот и педагог Јохан Фридрих Хербарт. Имено, Ј. Ф. Хербарт прв се залагал во наставата да се употребуваат цртежи, пишани документи, слики и историски карти.[4] Подоцна, неговите следбеници ќе почнат да користат слики и во учебниците во кои се обработувеле и историски личности. Во училиштата и во образованието на наставниците како дел од визуелизацијата забележителна била и појавата на предметот цртање, но и на други предмети на кои се употребувале карти, слики, шеми и сл. Како следбеник на идеите за образованието на Ј. А. Коменски и на Ј. Х. Песталоци во Русија ќе се појави педагогот Констатин Ушински кој понатаму ќе ги развие методите на учење. Ушински посебен акцент ќе стави на потребата за т.н. акустична очигледност, за што подобро совладување на учениците на својот мајчин јазик, а не го заборавил и фактот, кој Коменски веќе го посочил, дека е потребно да се перципира предметот со што повеќе сетила. Оттука, тој директно упатува на користење на што поголем број на илустративно демонстративни методи во својата настава и кај неговите следбеници. Развојот на илустративно демонстративните методи во образованието во Европа ќе продолжи со употребата на сликите, цртежите и карикатурите во училиштата за што имаме бројни сведоштва, како и со употребата на фотографијата и другите посовремени дигитални содржини по нивната појава.

Во Македонија, илустративно демонстративниот метод ќе се појави со појавата на педагозите кои стекнале образование по примерот на училиштата воспоставени од Песталоци, а биле образовани најчесто

---

[3] Тасевски 2021, 21.

[4] Ачкоска 2001, 59.

во соседните држави и во Русија, односно во школите на Ушински. Еден од нив бил Јосиф Ковачов кој вели: „задачата на училиштето се состои во тоа да го буди умот на учениците."[5] Ковачов со своите методи на работа ќе предизвика внимание кај просветителите од овој период и ќе развие училишта во Прилеп и Штип, но што е поважно ќе работи со слика, карта, цртеж и сл. Во однос на надгледноста и употреба на илустративно деминстративните методи, тој вели: „за да можат децата да ја разберат географската карта, учителот е должен да излезе надвор со нив и да им ги покаже претставите за: поле, планина, рид, клисура, река, езеро, лева и десна притока, корито... Потоа, со помош на картата, треба да им ги претстави колку што е можно најживо, планините со нивната височина, должина и ширена, реките, видот на земјиштето, горите, морињата... На крајот, тој е должен да им го прераскаже сето тоа со што учениците до сега го запознаа... Формите сега имаат свежа, жива и привлечна содржина;... (затоа) учениците треба да знаат да ги читаат добро и тоа не само на картата, туку и да (можат да) ги копираат реките, планините и границите со слободно цртање."[6] За збогатување на нагледноста на наставата во „неговите" училишта, покрај учебници и белешки се употребувале и други помошни наставни нагледни средства: карти, глобуси, модели, разни предмети, цртежи и набљудувања. Сличен начин на работа со употреба на илустративно демонстративни методи ќе се забележат и кај Кузман Шапкарев, Венјамин Мачуковски, Димитар Миладинов, Јордан Хаџи Константинов Џинот и други македонски учители и просветители.

## ДЕФИНИРАЊЕ И ФУНКЦИЈА НА ИЛУСТРАТИВНО ДЕМОНСТРАТИВНИТЕ МЕТОДИ

Илустративно демонстративните методи се појавуваат спонтано, како што се развивала и усовршувала наставата и дидактиката, и тие немаат своја конкретна дефиниција. Тие се сретнуваат и како визуелни методи, кои повторно се делат на илустративни и демонстративни. Овие методи се поврзани со надгледноста во наставата. За надгледност можеме да ја сметаме онаа настава во која претставите и поимите се формираат со непосредно посматрање на предметите и појавите или со гледање на нивните слики, односно условните знаци (симболи).[7]

[5] Тасевски 2021, 35.

[6] Ibid, 40.

[7] Ачкоска 2001, 312.

Според Милан Баковљев методот на демонстрации[8] е дефиниран како начин на работа во кој наставникот демонстира предмети, модели, макети цртежи, слики, шеми, а учениците ги набљудуваат и така стекнуваат знаења.[9] Бакољев смета дека цел на методите не е гледање на истите, туку воочување на точно определена содржина и тоа не само преку ангажирање на видот, туку на што повеќе сетила. Со други зборови, функција на покажувањето е овозможување на активно учење. Покажувањето, мора да биде средство, а не цел во наставата.

Иако не постои строга дефиниција, може да се каже дека илустративно демонстративните методи се употребуваат во наставата и имаат за цел преку приказ за содржината која се обработува, односно преку создавање на импресија да создатат слика за одреден настан, појава или личност при што му овозможуваат на ученикот да се стекне со трајни знаења, како и да развие критичко мислење, односно да донесе соодветен заклучок во историски конкекст. Притоа, доколку ги дефинираме употребите на наставните надгледни средства, илустративните методи подразбираат работа на часот со цртежи, слики, фотографии, портрети, карти, скици, постери, карикатури и т.н., додека демонстративните методи пак се поврзуваат со експерименти и технички инсталации кои вклучуваат и драматизација, но и прикажување на краткометражни и долгометражни филмови, дигитални содржини, холограми, 3Д содржини, компјутерски инсталации и сл.

Модерната дидактика при употребата на илустративно демонстративните методи, не секогаш ги следи информатичко комуникациската технологија и техниката, а причината за тоа е нивниот брз развој, заради што секогаш треба да се има предвид употребата на најрационалните и реални можности на училиштата и општествата. Со други зборови, можеме да сретнеме различно опремени државни основни и средни училишта, чии наставници се трудат да употребуваат што посовремени наставни средства, во случајов илустративно демонстративни методи, и нивната употреба е во рамките на можностите на училиштето. За разлика од државните училишта, треба да напоменеме дека постојат и приватни училишта кои во наставата употребуваат и холограми, 3Д очила, компјутерски инсталации и располагаат со современа техника. Сепак, без разлика на материјалните, односно наставните средства, во најголемиот дел од училиштата се употребуваат илустративно демонстративните ме-

[8] Вака е именуван илустративно демонстраивниот метод од Милан Бакољев.
[9] Bakoljev 1984, 68.

тоди кои се претходно наведени, од употребата на цртеж, слика, фотографија и историска карта до употребата на дигиталните содржини. Токму затоа и во овој труд при понатамошното опишување на илустративно демонстративните методи ќе се задржи на нив, односно ќе опфати илустративно демонстративни методи сè до дигиталните содржини.

Во претходното дефинирањето на илустративно демонстративните методи покрај нивната поделба на посебни илустративни и демонстративни методи и нивно набројување, задолжително земена е во предвид и нивната функција, односно улогата на часот по историја. Така, покрај констатацијата дека нивната улога во наставата е голема, треба да се потенцира и зошто се употребуваат и што предизвикуваат кај учениците, како и каде се употребуваат.

Според часовите на кои илустративно демонстративните методи може да се употребуваат, разликуваме: часови за стекнување на нови знаења, за повторување на наставните содржини, за одредени презентации, со напомена дека на сите наведени часови најважно е кај учениците да се појави правилна перцепција на она што го учат, да се видат најважните знаци, симболи и врз основа на виденото да се развие критичкото мислење кај ученикот, односно да се донесе соодветен заклучок.

Во однос на очекуваните резултати, илустративно демонстративните методи при нивната употреба треба да ги постигнат следните очекувани резултати: а) поврзување на претходно наученото со она што ќе се научи; б) насочување на мисловните активности на учениците; в) поттикнување на независноста на учениците во стекнување знаења, вештини и навики; г) проверка на квалитетот на стекнатото знаење; д) проширување и продлабочување на знаењата; ѓ) утврдување на знаењето и е) примена на стекнатото знаење.

Илустративно демонстративните методи кај различни ученици можат да предизвикаат различна перцепција, околу што може да се развие дискусија помеѓу учениците и наставникот, како и само меѓу учениците, при што сепак перцепциите не треба да бидат во спротивност со научно потврдените историски вистини и цивилизациските и културните вредности. Затоа, при употребата на методите, улогата на наставникот е клучна и тој ги упатува учениците на правилни перцепции, на критичко мислење и заклучоци кои наведуваат на позитивни вредности и ја развиваат демократијата и општествените и цивилизациските вредности. Во историјата при користењето на илустративно демонстративните методи посебно треба да се внимава, бидејќи тие освен на когнитивниот

развој кај учениците влијаат и на емоционалниот развој, во зависност од содржината што се визуелизира. Така при учење со примена на слики, фотографии, цртежи, постери, карикатури, филмови, дигитални содржини и сл. кај ученикот можат да се јават емоции поврзани со историјата на одредени историски личности, народи, држави, сојузи, движења, доктрини и сл. за кои наставникот треба да има соодветни знаења и објаснувања. Одредени симболи кои имаат позитивно или негативно значење, треба да бидат посебно објаснети од наставникот за да не предизвикаат недоумица кај ученикот и наместо на позитивна вредност, да го наведат на негативна. Сепак, мора да се истакне дека можеби и тоа е најголемата функција на илустративно демонстративни методи, да предизвикаат внимание, перцепција кај ученикот поврзана со содржината која се изучува и ученикот да формира критичко, односно историско мислење за одреден настан, личност, движење и сл. Потполно е погрешна употребата на илустративно демонстративни методи без објаснување, односно само со нивно покажување, како еден вид на готов производ. Употребата на илустративно демонстративни методи освен правилната перцепција, имаат и други функции кај учениците. Преку нив учениците ќе научат да учат, се учат на самостојност, како и да ги бараат деталите, да истражуваат, да ги учат другите за нивните новостекнати знаења.

При употребата на илустративно демонстративни методи треба да се напомене дека нивната употреба треба да биде разноврсна, или не треба да се употребуваат едни исти илустративно демонстративни методи на сите часови, за што наставникот треба да биде подготвен, од аспект на познавање на наставните содржини, како и од аспект на неговата методска подготвеност.

Во рамките на подготвеноста треба да се нагласи дека како што е претходно наведено секој наставник треба да има објаснување за секоја содржина од илустративно демонстративните методи, но треба да има и подготвени прашања преку кои учениците ќе ги наведе на перцепција и нејзина критика. Во рамките на објаснувањата и поставувањето на прашањата на наставникот за наведените илустративно демонстративни методи, задолжително е користењето на Блумовата таксономија, односно трите нејзини прифатени нивоа: познавање, разбирање и повисоки нивоа на знаења (анализа, синтеза, примена, евалуација).[10] Согласно

[10] Блумова таксономија е група од три хиерархиски изградени модели кои се користат за класифицирање на воспитно-образовните цели по нивоа на сложеност и специфичност. Трите модели од Блумовата таксономија ги опфаќаат воспитно-образов-

овие нивоа на знаења во наставата би се поставиле прашања, кои би можеле да имаат и свои потпрашања од истото ниво. На пример кога би се поставило прашање од првото ниво, или прашање од познавање, тоа би било: „Што гледате на ... (сликата, фотографијата, филмот, постерот, карикатурата...)?". Со ова прашање кај учениците се очекува да се дадат одговори од еден или неколку збора, најчесто во вид на „бура на идеи", кои наставникот може да ги запише на табла или едноставно да ги повтори подоцна без запишување, со тоа што ќе потенцира доколку го добие точниот или очекуваниот одговор. По ова за истата содржина од илустративно демонстративните методи (сликата, фотографијата, филмот, постерот, карикатурата ...) би се поставило прашање од второ ниво, како на пример: „на кој историски период или година се однесува содржината?", како и она што на неа се гледа, да се објасни, опише или слично. За третото ниво веќе може да се поставуваат прашања кои наведуваат на анализирање, поврзување со претходни содржини, донесување на одредени заклучоци, сѐ до примена на илустративно демонстративните методи (сликата, фотографијата, филмот, постерот, карикатурата ...) во конкретни ситуации.

Секако прашањата кои ќе се поставуваат и кои бараат одредена информација имаат своја структура која главно важи за сите прашања кои се поставуваат во наставата.

Освен споменатата Блумовата таксономија, наставникот при поставувањето прашања треба да внимава и на: а) јазично коректно формулирање на прашањата; б) прашањата да бидат кратки, јасни и недвосмислени; в) тие мора да се однесуваат на суштински дел; г) на прашањето ученикот не може да одговара со „ДА", „НЕ"; д) прашањата не можат да нудат алтернатива (прашања на кои се одговара со избор на две можности); ѓ) прашањата не треба да бидат сугестивни (да наведуваат на одговор); е) тие треба да се одговараат поединечно и од различни ученици.[11]

---

ните цели во спознајното, афективното и психомоторното подрачје. Моделот на спознајното подрачје е во центарот на традиционалната настава и често се користи при составувањето на наставните планови, односно при дефинирањето на воспитно-образовните цели, осмислувањето на проверката на постигањата на учениците и активностите во наставата. Во првичната верзија на таксономијата, спознајното (или когнитивно) подрачје е расчленето на шест нивоа на воспитно-образовни цели. Во ревидираната Блумова таксономија од 2001, нивоата се нешто поразлични: запомни, разбери, примени, анализирај, евалуирај, создади.

[11] Лазаревић и Банђур, 2001, 126.

По вака поставените прашања наставникот треба да очекува одговори од учениците кои ќе ги следи внимателно, нема да го прекинува ученикот и ќе му даде повратен одговор во кој ќе укаже дали одговорот е точен. Доколку нема точен одговор истиот треба да го даде наставникот со објаснување.

## ВИДОВИ НА ИЛУСТРАТИВНО ДЕМОНСТРАТИВНИ МЕТОДИ И НАСОКИ ЗА НИВНА ПРАВИЛНА УПОТРЕБА

При дефинирањето на илустративно демонстративните методи набројано беше што се опфаќаат тие и како можат понатаму да се поделат или класифицираат, а со цел понатаму да се објаснат и поединечно. Постојат повеќе поделби, кои ќе ги наведеме, како онаа која што ќе ја претставиме и според која понатаму ќе се објаснуваат одредени методи.

Една од класификациите на наставните методи е класификацијата според изворот на знаење. Бидејќи изворот на знаење во наставата може да биде покажување (на предмети и појави), усмено излагање на наставникот, разговор помеѓу наставникот и ученикот, текстови и ученички практични изработки и други, според професорите, постојат следните наставни методи: а) метод на покажување, б) метод на усмено излагање, в) метод на разговор, г) текст – метод и д) метод на лабораториски и други практични изработки.[12]

Според Лазаревиќ и Банѓур, методите можат да се поделат и според видот на наставниот час на: а) методи кои се употребуваат за усвојување на нови наставни содржини, б) методи кои се користат на часовите по повторување и утврдување на веќе усвоеното знаење и в) методи кои се користат за проверување и оценување на постигнатите резултати. Секоја од методите може да се користи и на наставните часови на кои ќе има и усвојување на нова содржина и повторување на наставниот материјал, во зависност од работата на наставникот.

Класификација на наставните методи прави и д-р Владимир Пољак, според кој постојат: демонстративен метод, метод на практични изработки, метод на цртање и илустративни изработки, метод на писмени изработки, метод на читање и работа со текст, метод на разговор и метод на усмено излагање.

Постојат и други стручни лица кои се занимаваат со оваа проблематика, а во републиката во работата со методите во наставата по ис-

[12] Ibid, 129.

торија можат да се издвојат проф. д-р Воислав Кушевски, проф. д-р Светозар Наумовски, проф. д-р Виолета Ачкоска и др.

Во Методиката на наставата по историја напишана од професорката д-р Виолета Ачкоска се набројуваат вербалните, текстуалните и илустративно демонстративните методи.[13]

Во основа сите наведени класификации се оправдани, а универзална класификација нема. Сепак тие имаат одредено заедничко класифицирање, врз основа на кое, како и врз основа на работата во праксата, можат да се издвојат следните методите во наставата по историја:

– вербално-текстуални методи и

– илустративно-демонстративни методи.

Ако продолжиме со класификацијата на методите исто така ќе сретнеме нивна различна поделба која се среќава во литературата. Кај голем број автори се среќава поделба која била специфична за времето во кои се пишувани делата, поделби кои се оправдани за времето во кои настанале. Според проф. д-р. Виолета Ачкоска, илустративно демонстративните методи се поделени на метод на работа со користење на предметни надгледни средства (историски остатоци) или нивни слики (историски илустрации) и метод на користење на нагледни средства со условни знаци (историски карти и шеми).[14] Кај илустративно демонстративните методи многу е значаен развојот на информатичко компјутерската технологија која понатаму диктираше многу работи во развојот на образованието и на методите за учење.

Врз основа на претходно наведеното, на современите текови и искуството во работата со илустративно демонстративните методи, во ова дело тие се класифицирани на следниот начин:

а. Метод на работа со користење на предмети како надгледни средства;

б. Методи на работа со користење на илустративни материјали;

в. Метод на работа со користење на надгледни средства со условни знаци;

г. Метод на работа со користење на дигитални содржини (специјални едукациски дигитални содржини, краткометражни и долгометражни играни и документарни филмови, анимации, 3Д содржини и т.н.)

---

[13] Ачкоска 2001, 218.

[14] Ibid, 219.

Треба да се истакне дека секоја од наведените методи има свои специфичности и посебен начин на работа, кои се прикажани во понатамошниот текст.

### *А. Метод на работа со користење на предмети како надгледни средства*

Во наставата по историја како дел од илустративно демонстративните методи се појавува методот на работа со користење на предмети како надгледни средства во кој наставникот може да демонстира одреден предмет, модел или макета, кои како наставни средства се ставаат во соодветен историски контекст. При работата со методот на работа со користење на предмети како надгледни средства се поставува прашањето каде и кога учениците можат да видат историски предмет, модел или макета? Исто така, наставникот треба да ја насочи перцепцијата на учениците и на добро осмислен начин преку одредени прашања да ги поттикне учениците на креативност и на историски заклучоци.

Предмети кои учениците можат да ги видат и кај нив да оставаат трајни сеќавања, можат да се видат во музеите, на спомениците, историските локалитети, но и на самите часови. Бидејќи учениците се ограничени со посети на музеите, споменици и историските локалитети, за одредени содржини наставникот може да изработи или да најде одредени предмети кои може да ги покаже во наставата. Одредени предмети можат и да се изработат со учениците, и тоа во редовната настава и на вонНаставните активности. Прикажувањето на предметите е добро осмислен процес од страна на наставникот, при што треба да се внимава на следното:

1. Не се препорачува покажување на голем број предмети, туку еден или неколку со соодветно објаснување за нив.

2. Освен покажувањето од наставникот и работата со предметите, макетите и моделите, учениците можат и сами да изработат и презентираат одреден предмет, модел или макета.

3. Со покажувањето на предметот следат и точно подготвени прашања на наставникот.

Во пракса тоа би значело дека наставникот може сам да изработи одреден предмет или да покаже предмет кој тој, училиштето, ученик или некој друг човек го поседува.

На првиот пример изработен е камен чекан, од дрво и камен. Предметот е изработен од наставник.





Наставникот по покажувањето на предметот ги поставува следните прашања:

1. Дали ги препознавате предметите на сликите?
2. Дали знаете или претпоставувате за што служеле?
3. На кој временски период му припаѓаат овие предмети?
4. Дали знаете некои други информации поврзани со овој историски период?

Прашањата како што беше и претходно наведено се кратки, јасни и се надоврзуваат на изучуваното на часот. Истите се во согласност со нивоата на Блумовата таксономија. По одговорот на прашањето наставникот ги дообјаснува предметите и одговорите на прашањата. Доколку ученикот нема одговор на поставеното прашање истото го одговара наставникот. Методите треба да ги поттикнуваат учениците на размислување, коперативност, креативност итн.

Наставникот и учениците можат да изработуваат и макети, кои понатаму ќе се користат во наставата по историја.

На екскурзиите, посетите на музеи, споменици, историски локалитети и други вонннаставни активности наставникот и учениците можат го користат посочениот метод и со помош на прашања како и за погоренаведените предмети да донесуваат историски заклучоци, да вршат анализа и сл. насочувајќи кон набљудување и будење на интерес кај учениците за историјата.

### *б) Методи на работа со користење на илустративни материјали*

Кога зборуваме за методите на работа со користење на илустративни материјали, најпрво треба да идентификуваме што подразбираме под илустрирани материјали. Имено, овој метод опфаќа работа со цртеж, слика, фотографија, портрет, амблем, постер и карикатура. Како и за останатите илустративно демонстративни методи наставникот треба да предвиди начин на нивно прикажување кој е соодветен за наставната содржина, при што треба да е сигурен дека покажувањето кај учениците ќе предизвика интерес и ќе влијае ученикот да усвои знаења за наставната содржина на што поинтересен начин и на начин кој ќе остави што подолготрајни сеќавања кај ученикот. И за овој метод важат правилата како што се:

1. Покажување на соодветен број илустрации со соодветно објаснување за нив.

2. Учениците да имаат можност и сами да изработат и презентираат одредена илустрација.

3. Со покажувањето на илустрацијата да следат однапред подготвени прашања на наставникот.

За методите на работа со користење на илустративни материјали во пракса следуваат примери кои треба да ја поттикнат работата на наставникот.



А. Пример за работата со слика претставува прикажување на сликата и поставување на прашања поврзани со неа.[15]

Прашањата се поставуваат по покажувањето на сликата, а гласат:

– Што гледате на сликата?
– Кој период од историјата го прикажува?
– Истражете за оваа битка.

При работата со слики можат да бидат покажани и повеќе слики, при што и прашањата би се однесувале на нив.

Б. Работата со фотографија или со повеќе фотографии е слична на работата со слики. Притоа е важно наставникот да избере фотографија која е доволно видлива и истовремено интересна за учениците. Како фотографии неретко се користат и потртрети што е многу интересно, но и разгледници, како што е на примерот подолу.[16]



По покажувањето на фотографијата наставникот и учениците ги обработуваат следните прашања:

[15] Како пример е дадена сликата Битката на Ножот, Прилепско, јули 1907 г. од авторот Синиша Стефановиќ-Кашавелски (https://mmb.org.mk/images/advportfolio/imagecache/230142ac70bb38a379785840a2873d2d.jpg)

[16] Сиљановски 2020, 50. (Разгледница од Скопје. Патувала: 1956, Скопје-Загреб, Издавач: Тутун, трговско претпријатие).

– Што гледате на фотографијата?
– Дали можете да го препознаете местото?
– Анализирајте од кој историски период е фотографијата?

Сликите и фотографиите можат и да се споредуваат, односно да се анализираат од различни аспекти, а посебно од аспект на идеологизација на портретите и гледање на реалноста на сликите.

В. Постери, амблеми и карикатури




Слична на претходно опишаната е работата и со амблеми, постери и карикартури, што се гледа од подолните примери. Имено, постерите за Обединетите нации[17] може да се обработат преку поставување на следните прашања:

– Што гледате на постерот?
– Дали може да претпоставите кои знамиња на држави се на постерите?
– Истражете каква порака носи истиот?
– Анализирајте каква била неговата намена?

Исто така, за карикатурата што следува[18] дадени се прашања како пример за метод на работа со користење на карикатури, како илустративен материјал:

– Што претставува ова што го гледате?
– Дали можете да познаете одредени настани на нив?
– Истражете какви пораки носи карикатурата?

За наставникот:

– Анализирајте какви реакции има карикатурата кај учениците?

[17] https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/thumb/e/e7/Naciones_Unidas_3.jpg/300px-Naciones_Unidas_3. jpg

[18] Јанков, Петар. Карикатура во Критика.мк




### *в. Метод на работа со користење на надгледни средства со условни знаци*

Илустративно демонстративните методи во наставата по историја опфаќаат и работа на часовите со надгледни средства со условни знаци. Поточно на часовите по историја се користат шеми (на битки, настани и др.) и историски карти кои содржат легенда и соодветни картографски и други знаци кои ги покажуваат објектите на картата или шемата согласно нивната положба, големина, интензитет и сл.

А. Користењето на шемите во историјата, во дидактиката ги наоѓаме како шеми–цртежи[19] и како шематски приказ на одредена битка, настан и сл.

За шема-цртеж специфична е нејзината изработка од страна на наставникот или учениците во вид на приказ составен од повеќе поврзани делови, за кои има одредена агенда со соодветни знаци и симболи. Сепак овие прикази се користат во главниот дел од часот, при предавањето на содржината од страна на наставникот, треба да бидат однапред подготвени, одземаат голем дел од часот и понекогаш можат да бидат пресложени за учениците.

Шематските прикази на битки и настани овозможуваат сликовит и најчесто последователен приказ и движење на поединци и групи

---

[19] Ачкоска 2001, 329-339.

интересни за учениците. Овие прикази содржат историски, но често и географски податоци, правци на движење, најчесто поврзани со воени дејства. По правило треба да имаат и легенда, доколку нема друг вид на објаснување изразен со букви на самата шема или под неа. Шематските прикази му овозможува на ученикот да ја развие визуелната меморија, креативноста, како и да се стави во улога на учесниците на настаните.




На примерот[20] се гледа движењето на војските, но и овозможува како и во претходните илустративно демонстративни методи поставување на прашање од страна на наставникот:

- Дали можете да препознаете која битка е претставена на шематскиот приказ?
- Помеѓу кои држави се водат прикажаните дејства?
- Анализирајте какви дејства превземале одбрамбените сили, а какви напаѓачите и кој победил во битката?

Б. Историските карти и нивното користење се составен дел од часовите по историја, а сите дидактичари и наставници по историја ќе се согласат дека нивното користење на часовите е неизбежно и потребно од повеќе причини. Сите светски теоретичари почнувајќи од Коменски, Песталоци, Спенсер, Ушински, преку Ковачов, како и теоретичарите од поновно време ја спомenуваат картата и нејзината употреба. Професорите д-р Вељко Банџур и д-р Живољуб Лазаревиќ во нивното дело „Методика на природа и општество“ зборуваат за картографската писменост и за користењето на тематски, но и неми карти од страна на учениците. Тие велат „За демонстрирањето со карта да даде што подобри резултати неопходно е учени-

[20] https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/thumb/5/53/Cynoscephalae.png/250px-Cynoscephalae.png

ците да стекнат што подобра картографска писменост."[21] За историската карта се зборува и во „Методиката на наставата по историја" од проф. д-р Виолета Ачкоска, како и во повеќе дела на практичари собрани во зборникот на трудови од научниот собир „Современата настава по историја" одржан на Филозофскиот факултет во организација на Институтот за историја при овој факултет и на Здружението на наставници по историја на Република Македонија. Сите наведени се едногласни дека историската карта е неопходно наставно надгледно средство и дека со неа има посебни методи на работа. Како круна на важноста на историската карта со учество на еминетни професорите од републиката беше издаден Историски атлас, кој ги содржеше најзначајните карти од историјата на Македонија и на светот.




Историската карта е графички приказ на географскиот простор на кој се одигрувале историски настани во определено време, односно во покус или подолг временски период.[22] Нејзината употреба е специфична бидејќи содржи условни знаци за кои постои легенда, но кои наставникот треба да ги познава, како и историскиот контекст преточен на картата. Покажувањето на картата треба да го направи часот поинтересен, а кај учениците да предизвика основна картографска писменост, развивање на ориентацијата во просторот и времето и желба за продлабочување на знаењата.

За соодветна употреба на историската карта на часот потребно е наставникот да има подготвено соодветни прашања кои ќе го упатат ученикот на следење на картата, како на примерот кој следи.

При прикажувањата на картата од страна на наставникот на учениците им се поставуваат следните прашања:

[21] Лазаревић и Банђур 2001, 135.

[22] Ачкоска 2001, 341.

– Дали можете да препознаете која држава е претставена на историската карта?
– Каде биле границите на државата пред и по 200 г. п.н.е.?
– Анализирајте какво биле дејствувањата на кралот Пир кои се означени на картата?

Со вака поставените прашања ќе бидат збогатени другите активности на наставникот, кои треба да предизвикаат интерес кај учениците, односно, ќе ги поттикнат на поинтересен начин да ја усвојат или повторат наставната содржина.

Треба да се напомене дека наставникот, доколку нема историска карта,[23] може да употреби и географска карта. Притоа треба да се знае дека историските и географските карти можат да бидат класифицирани според територијата што ја опфаќаат на: светски, континентални, регионални, државни итн. Картите можат да бидат различни и според размерот, но и според содржината што е уште позначајно, односно историските карти можат да бидат: општи, тематски и поединечни. Под општи карти се подразбираат историски карти кои се однесуваат на светот или на одреден поширок регион, додека тематските карти се однесуваат на одредена тема и на одредена држава. Најспецифични се поединечните историски карти кои содржат конкретни настани, движења и состојби во конкретен историски настан.

### *Г) Метод на работа со користење на дигитални содржини*

Поимот „дигитални содржини" во наставата се појави кон крајот на XX век и подразбира содржини кои вклучуваат техничка и информатичко комуникациска технологија при реализирањето на наставата. Брзиот развој на техниката, информатиката и дигитализацијата на општеството диктираа и многу брз развој на нивната употреба во наставата. Во наставата на голема врата влегоа компјутерите и таблетите, кои на различни начини беа имплементирани од различни држави. Во некои образовни системи се појавија мултуфункционални кабинети со компјутери во кои наставата се изведува по повеќе предмети, во некои имаше училишта целосно опремени со компјутери, во трети секоја училница беше опремена со по одреден број компјутери распоредени низ училна-

---

[23] За примерот е користена историска карта од историскиот атлас на Тримакс, која се наоѓа на следниот линк: http://www.naglednisredstva.mk/proizvodi/?/pager-63-729-558-producttitle-asc/&/sort-price-asc/

та, во четврти учениците добија мали преносни компјутери (таблети), а со развојот на дигитализацијата во помодерните приватни училишта, во одредени музеи и на саемите на образованието можеше да се забележат и мали роботи, холограми, 3Д очила и други компјутерски инсталации. Секој образовен систем што вовел било кој вид на дигитализација, својот систем го сметаше за оправдан и најдобар, со напомена дека ќе се усовршува.

Но што всушност се дигитални содржини? Дигиталните содржини се дел од дигиталната писменост, која е повеќе од прифаќање на новите технологии, користење на социјалните медиуми или креирање и следење на фото и видео содржини. Дигиталната писменост е способност за користење на дигиталните технологии како алатки за создавање, селектирање и поврзување на информации од повеќе извори, во повеќе формати, и нивна употреба за подобрување на ефективноста во областа на учење.[24]

Под поимот дигитални содржини кои се употребуваат во наставата, во овој труд се подразбираат: краткометражни и долгометражни играни и документарни филмови, специјални едукациски дигитални содржини, аудио записи, power point презентации, анимации и анимирани филмови, 3д содржини и т.н.

Дигиталните содржини можат да бидат изработени и од учениците и од наставниците.

Секоја од наведените дигитални содржини имаат свои специфики и работата со нив е различна. Сепак начинот на работа го определува наставникот, кој има автономија во користењето на дигиталните содржини.

### Краткометражни и долгометражни играни и документарни филмови

Употребата на краткометражни и долгометражни играни и документарни филмови како илуструстративно деминстративни методи, зависи од планирањето на часот од страна на наставникот. Треба да се напомене дека за следење на долгометражните филмови соодветни се воннаставните активности, поради времетраењето на филмовите и нивното адаптирање во одделенско часовниот систем. Употребата на филмовите треба кај ученикот да поттикне интерес и желба да се осознае нешто по-

---

[24] https://www.fakulteti.mk/news/17-12-06/zoshto_digitalnata_pismenost_e_vazhna_za_mladite

веќе за содржината по неговата употреба на часот. Секогаш треба да имаме на ум дека постои можност да го загубиме внимението на учениците ако содржините се несоодветни и предолги, а со тоа и наставникот да ја загуби контролата на часот. Истото се однесува и на аудио записите.

Оттука и краткометражните и долгометражните играни и документарни филмови, како и аудио записите, треба да бидат пропратени со соодветни прашања, чек листи или одредени задачи кои ученикот би ги бележел во текот или непосредно по филмот.

**Специјални едукативни дигитални содржини**

Користењето на едукативните дигитални содржини е поврзано со нивното изготвување. Во македонскиот образовен систем во 2010 година беше направен успешен обид на воведување на дигитални содржини во наставата, кога беа изготвени сопствени дигитални содржини со сценарија дадени од советниците од Бирото за развој на образованието. Дигиталните содржини беа промовирани кај наставиците во пролетта од 2011 година и тоа во повеќе градови во републиката. Тоа воедно беа и првите македонски дигитални содржини. За наставниот предмет историја претставени беа две дигитални содржини: Филип II и Илирите.

За користењето на дигиталните содржини наставниците беа обучени, а наставникот решаваше кога и како да ги користи. Но, иако изготвувањето на дигитални содржини требаше да продолжи, од неразјаснети причини истото беше оставено за „некои подобри времиња“.

Врз основа на барањето на Владате на Република Македонија и решението на директорот на Бирото за развој на образованието во 2015 година формирана беше работна група која имаше задача да ги разгледа веб-порталите: www.khanacademy.org, www.oer.commons.org, www.classroom-aid.com, www.openschool.ca, www.oer.mk и да направи анализа на истите според критериуми дадени во решението.

Работната група изврши стручно разгледување на веб-порталите, изврши анализа и издвои наслови на дигитални содржини според критериумите дадени во решението и истите ги достави во Извештајот од направена анализа на веб-портали до директорот на Бирото. Критериуми за избор на дигитални содржини беа: наставни предмети во кои можат да се користат дигиталните содржини, вид на образование, како и селекција на истите во однос на определувањето дали дигиталната содржина претставува алатка или предавање. Врз основа на стручно раз-

гледување беше утврдено дека можат да се пронајдат (мапираат) дигитални содржини кои можат да се поврзат со наставните програми од повеќе наставни предмети. При досегашното стручно разгледување на работната група, мапирани се вкупно 291 дигитални содржини по следните наставни предмети: македонски јазик, запознавање на околината, природа, природни науки, општество, англиски јазик, музичко образование, ликовно образование, ликовна уметност, историја на уметност, историја, физика, математика, хемија, биологија, иновации и претприемништво, бизнис и претприемништво, бизнис, економија, маркетинг и менаџмент и друго.

Работната група констатираше дека има дигитални содржини кои можат да се користат во основно и средно образование, како и дека има и такви кои можат да се користат и во двата вида образование. Сепак, од практични причини во табелите кои се дадени видот на образование е определен, со тоа што понатамошните подетални анализи ќе покажат дали некоја од наведните содржини од основно образование ќе може да ја користи и во средно образование, и обратно. Од издвоените дигитални содржини, се смета дека 204 можат да се користат во основното, додека 222 можат да се користат во средното образование.

Исто така се внимаваше и во однос на прашањето за времетраењето на дигиталните содржини, при што се донесе одлука тие да нудат можност за употреба во рамките на еден наставен час или да можат да се употребуваат на воннаставните активности за што ќе се оцени во следните фази на анализата и работата со дигитални содржини.

Во однос на техничките карактеристики сметаме дека мапираните содржини технички можат да се користат како наставно помагало во некои од горенаведените наставни предмети.

По мапирањето на дигиталните содржини истите беа преведувани на македонски и албански јазик, по што се пристапи кон синхронизација. Синхронизацијата е во тек и таа се работи во соработка со јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радио и Телевизија. До сега се преведени и синхронизирани 5 дигитални содржини по наставните предмети хемија и социологија.

### Поврзување на илустративно демонстративните и вербално текстуалните методи

Само наставникот знае колку методи ќе употреби на часот. И покрај неговата подготовка за час, поради одредени околности тој може да

процени дека одредени методи ќе ги употреби или не. Исто така, наставникот има можност да ги комбинира методите, односно на еден час може да употреби повеќе наставни методи воопшто, или конкретно повеќе илустративно демонстративни методи, во зависност од содржината и текот на часот. Теоријата и праксата покажале дека на еден час или при обработка на една наставна содржина се употребуваат повеќе наставни методи, но секогаш е корисно тие да се комбинираат и меѓу нив да има и вербално-текстуални и илустративно демонстративни методи. Впрочем и една од карактеристиките на илустративно демонстративните наставни методи е што тие нужно вклучуваат, до еден или друг степен, и вербално текстуални методи. Тесната поврзаност помеѓу едните и другите методи произлегува од фактот дека дијалектичкиот начин на сознавање на објективната реалност вклучува насочување на учениците преку поставувања на прашања, размислување, давање на соодветни одговори и заедничко анализирање, како што е посочено и на примерите кои се претходно дадени.

Поврзаноста на вербално-текстуалните и илустративно демонстративните методи биле една од работите кои ги проучувал психологот Леонид Владимирович Занков,[25] кој ги проучувал когнитивните процеси и кој развил цел систем на развојно образование,[26] односно сеопфатниот развој на личноста на детето. При воспоставувањето на своите теории тој ја истакнува важноста на објаснувањата на наставникот за набљудувањата кои ги вршат учениците со илустративно демонстративните наставни методи. Според него, наставникот на учениците треба да им го посочи дури и тоа што тие не можат да го видат при набљудувањата, односно при користењето на илустративно демонстративните методи. Постојат уште многу теоретичари и практичари кои се занимавале со

[25] Леонид Владимирович Занков (1901-1977) – бил советски психолог и дефектолог, член на кружокот Виготски и главен администратор на научни истражувања во Советскиот Сојуз. Занков специјализирал за психологија на сеќавањето, психологија на абнормален развој (дефектологија) и едукативно истражување и пракса. Тој е автор на една од двете најистакнати образовни концепции за таканареченото „развојно учење“ кое е познато под името на неговиот творец како „Занков систем на развојно учење“. Бил ученик на Лев Виготски во 1920-тите. На Московскиот Експериментален институт за дефектологија бил истражувач и директор на институтот. Во 1968 година, станал редовен член на Академијата за педагошки науки на СССР.

[26] Занков, Леонид Владимирович, Систем на развојна обука (https://mk.atomiyme.com/леонид-владимирович-занков-систем-на).

поврзаноста на методите, но заклучокот кај сите е единствен: методите се комбинираат и тие се упатени едни на други.

Во однос на комбинирањето и употребата на илустративно демонстративните методи многу е тешко и погрешно да се даде целосна предност на една од нив, бидејќи во зависност од карактеристиките на целите, очекуваните резултати, содржината на содржините и темата, достапните нагледни средства и степенот на подготвеност на учениците, потребно е наставникот да ја избере нивната најрационална комбинација.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Андерсон, Л., В., Н*астава за да се научи, Референтен водич за наставници ориентирани кон резултати*. Центар за демократија и помирување во Југоисточна Европа, Белград, 2013.

Ачкоска, В., *Методика на наставата по историја*. Универзитет Св. Кирил и Методиј, Филозофски факултет, Скопје, 2001.

Bakoljev, M., *Didaktika*. Naučna knjiga, Beograd, 1984

Јуруков, И., *Историското образование во Народна/Социјалистичка Република Македонија*, Акта Нон Верба, Скопје, 2020.

Коменски, Ј. А., *Велика дидактика*. Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1997.

Лазаревић, Ж. и Банђур, В., *Методика наставе природе и друштва*. Учитељски факултет, Београд, 2001.

Сиљановски, Д., *Македонија така далечна, а така блиска*. Заедница на Македонците во Република Хрватска, Загреб, 2020.

Тасевски, М., *Културно-просветниот живот во деветнаесеттиот век во Западна Европа и османлиска Македонија* (*паралела, компарација, анализа*). Магистерска теза, Филозофски факулет, УКИМ, Скопје, 2021 .

*Современата настава по историја. Зборник на трудови од научниот собир на ЗНИРМ и Институтот за историја на Филозофскиот факултет*, Филозофски факултет, Скопје, 2010.

Igor JURUKOV
Bureau for Development of Education

# THE METHOD OF ILLUSTRATION AND DEMONSTRATION IN HISTORY TEACHING

(summary)

The methods of demonstration and illustration in history teaching have been used during history lessons since the beginning of the emergence of history as a separate teaching subject until today. They have their own definition, function, division and appropriate way of use. The significance of these methods is all the greater if we consider that they are a part of almost every lesson, and the development in modern learning cannot be imagined without the use of illustrative and demonstrative methods. It is precisely the rapid and dynamic development of illustrative and demonstrative methods that is an enigma for learning using these methods in the future. Their appearance related to innovation and technology is difficult to follow, because we have novelties almost every day. Therefore, in this paper, illustrative and demonstrative methods will be covered, including digital content.

In this paper, an attempt is made to present the development of illustrative and demonstrative methods in the teaching of history, from their appearance in teaching, to the development of digital content in the teaching of history, and the methods that we believe are mostly used from a theoretical and practical point of view.